Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање по е-пошта од 18.06.2024 година од Маја Јовановска, ул. „Волгоградска“ бр, 19-6/20, Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република ... Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së ... Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike ... me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 03-4593
05.07.2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Маја Јовановска, ул. „Волгоградска“ бр, 19-6/20, Скопје, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Маја Јовановска, ул. „Волгоградска“ бр, 19-6/20, Скопје да се запознае со содржината на бараната информација во форма на фотокопија, преку е-маил .

**Образложение**

Барателот на информацијата на ден 18.06.2024 година, по електронски пат до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за увид во Договор помеѓу АД МЕПСО и ЦПП услуги ДОО Скопје со број 05-2628/8 склучен на ден 16 април 2024 година. Тендерска документација, описна документација, записник од спроведени преговори, Извештај од спроведена постапка и конечна понуда. (ЦЕЛО ДОСИЕ).

Информацијата ја бараат во форма на фотокопија по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањата одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Во **прилог** на ова Решение на барателот му се доставува следната документација:

1. Барање за мислење за постапка со преговарање до БЈН,
2. Претходно мислење од БЈН,
3. Барање за започнување на постапка,
4. Тендерска документација со описна документација,
5. Одлука за јавна набавка,
6. Покана за поднесување на понуда,

7. Записник од отворање на понудите,
8. Изјави за непостоење судир на интереси,
9. Првична понуда од ЦПП Услуги,
10. Покана до ЦПП Услуги за преговарање,
11. Записник од спроведени преговори,
12. Конечна понуда од ЦПП Услуги,
13. Извештај од спроведена постапка,
14. Одлука за избор на најповолна понуда,
15. Известување до ЦПП Услуги,
16. Договор за јавна набавка,
17. Известување за склучен договор на ЕСЈН

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Zuhdi Enuz**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива